Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 17.02.2021

На 16.02.2021 околу 21.30 часот во с.Горно Седларце, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане ги лишиле од слобода Ј.З.(23) од Тетово и М.М.(30) од с.Џепчиште, тетовско, затоа што при преглед кај нив и во возилото „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2021 на подрачјето на СВР Битола биле спроведени засилени контролни активности на патниот сообраќај, при што биле откриени и санкционирани тројца возачи кои не поседувале возачка дозвола, три возила со истечена регистрација, 17 непрописно паркирани возила, 12 возачи кои зборувале на мобилен телефон додека управувале возила, тројца возачи затоа што не користеле сигурносен појас. Брзината ја пречекориле шест возачи, а двајца извршиле неправилно престигнување. За сите неправилности изречени се соодветни санкции.

На 16.02.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на автопатот Штип - Миладиновци (од клучка Кадрифаково до клучка Преод), полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Свети Николе спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани пет прекршоци и на возачите им биле изготвени прекршочни платни налози.

На 16.02.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на подрачјето на Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, регистрирани се четири прекршоци за кои се поднесени соодветни пријави.

На 16.02.2021 во 13.20 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Н.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Боро Тодоровиќ" бил каснат куче скитник.

На 17.02.2021 околу 05.25 часот во СВР Битола било пријавено дека на магистралниот пат Битола - Прилеп, патничко возило „комбе", со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.Ј.(36) од Битола, излетало од патот. Од здобиените повреди возачот починал на местото. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а во координација со Јавен обвинител телото е предадено на обдукција. Извршен е увид на местото на незгодата од увидна екипа на СВР Битола.

На 16.02.2021 во 11.50 часот во Полициската станица Гази Баба, К.И.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„Вера Радосављевиќ" бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Р.Д.(73) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 23.12.2020, полициски службеници ја затекнале пријавената на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" и покрај тоа што имала решение од ДСЗИ за изолација во домашни услови.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ф.С.(56) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 12.01.2021, пријавената постапила спротивно на издадено решение од ДСЗИ со одредена мерка на изолација во домашни услови и го напуштила домот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против К.Д.А.(22), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 26.12.2020 полициски службеници извршиле контрола и не ја затекнале во домот, со што постапила спротивно на решение од ДСЗИ, со одредена мерка на изолација во домашни услови.

На 16.02.2021 во 16.30 и 17.00 часот во ОВР Прилеп, З.Ш.(47) и О.А.(55), двете од Прилеп, вработени во Здравствен дом Прилеп, пријавиле дека околу 13.30 и 14.30 часот во Здравствен дом Прилеп, по претходно недоразбирање и расправија, В.Т. од Прилеп, исто така, вработен во Здравствен дом, се однесувал агресивно и им упатил закани по животот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2021 во 15.10 часот во Полициската станица Виница, од Итната медицинска помош Виница било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен М.М.(48) од с.Ракитец, радовишко. Според пријавеното, околу 14.30 часот тој се повредил при извршување градежни работи на објект во атар на Виница. Увид на местото извршила екипа на ОВР Виница и инспектор за заштита при работа.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Љ.Г.(39) од Прилеп и правно лице од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање на кредит или друга погодност". Во текот на 2016, Љ.Г. поднел апликација за активна мерка по Програмата за самовработување, доставена до Центар за вработување Прилеп и пријава за користење на грант, согласно условите од Програмата. По одобрување на апликацијата основал фирма и склучил Договор со АВРМ и УНДП, по што искористил средства во висина од 185.000 денари за набавка на опрема и материјали. Меѓутоа, спротивно на договорот и обврските, тој воопшто не реализирал финансиски трансакции и исплата на бруто плати, а фирмата по службена должност од страна на Централен регистар во текот на 2019 била ликвидирана, додека искористените средства не се вратени согласно со Договорот, со што се стекнал со противправна имотна корист, а на штета на Буџетот на Република Северна Македонија во износ до 185.000 денари.

На 16.02.2021 во 17.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.Т.(44) од Скопје пријавила дека во 15.20 часот на бул.„Борис Трајковски" едно лице ѝ одзело кеса во кја имало пари и документи. Се премаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2021 во 11.05 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.С.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.И.(23) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 14.02.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Тетово, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 16.02.2021 во Полициската станица Бит Пазар, А.Б.(58) од Скопје пријавил дека во периодот 15/16.02.2021 во менувачница на подрачјето на Чаир едно лице му одзело пиштол „црвена застава" калибар 7,65мм, сопственост на пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Џ.А.(31), Ѓ.А.(30), Џ.А.(28) и К.К.(35), сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „учество во тепачка". На 03.08.2020 во Прилеп настанала физичка пресметка помеѓу Џ.А.(31), Ѓ.А. и Џ.А.(28), од една страна и К.К., од друга страна, во која употребиле и дрвени предмети. Притоа, било оштетено и патничко возило „југо",сопственост на Џ.А.(28).

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против К.А.(25) од с.Градец, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и ,,напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 07.01.2021 во угостителски објект во с.Градец, пријавениот физички нападнал полициски службеник и упатувал закани кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет